ООУ „ Невена Георгиева – Дуња“

ул. „Михаил Чаков“ бр. 2, Кисела Вода,Скопје

тел./факс 02 2776-230

e-mail; ngeorgievadunja@gmail.com

## ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИК НА УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Според членот 68, став 8 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25). ООУ „Невена Георгиева-Дуња“ објавува повик за избор на ученички правобранител и заменик на ученичкиот правобранител.

Ученичкиот правобранител е ученик што ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во училиштето.

### I. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата ученички правобранител имаат учениците од VII, VIII, IX одделение.

Право на пријавување за функцијата заменик на ученичкиот правобранител имаат учениците од VII, VIII, IX одделение.

## II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: пријава и мотивационо писмо.

Заинтересираните кандидати можат да подигнат пријава од педагошко-психолошката служба во училиштето. Потребно е кандидатите да ја пополнат и да ја достават пријавата до педагошко-психолошката служба.

Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.

Краен рок за поднесување на документите: 20.10.2025 г.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Избор за ученички правобранител и негови заменици вршат учениците од VII-IX одделение според следните критериуми:

- основно познавање на детските права,
- мотивација за пријавувањето,
- комуникациски и организациски способности,
- претходно искуство, односно вклученост во воннаставните активности.

## IV. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученичкиот правобранител и неговиот заменик се:

- Учевство на воведна обука за улогата и обврските на ученичкиот правобранител, организирана од страна на педагошко-психолошката служба (тимот за поддршка на ученичко учество);
- Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани;
- Прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
- Редовна комуникација и координација со педагошко-психолошката служба.

Мандатот на избраниот ученички правобранител и замениците на правобранителите е 2 (две) учебни години (доколку правобранителот е IX одделение, неговиот мандат е една учебна година).

Краен рок за поднесување на документите: 20.10.2025 г.

Лица за контакт:

Калина Спироска педагог

Александра Цветановска наставник по англиски јазик

Сашо Андонов наставник по историја

Датум: 15.10.2025 г.

Директор,

м-р Наталија Делева